

# Воспаление на кожата / Беловина (кандида) на брадавиците на дојките

## Важни работи

- **Воспалението на кожата на брадавицата, со придружна појава на беловина или без неа, може да настане кај жени што имаат лична или семејна историја на астма/воспаление на кожата/ сенска треска**
- **Беловината може да се јави кога биле земани антибиотици поради некоја друга инфекција**
- **Избегнувајте да користите сапун кога ги миете брадавиците**
- **Менувајте ги често влошките за брадавици, избегнувајте да користите влошки што се обложени со најлон**
- **Редовно користете средства за влажнење на кожата, како што се емулзиските масти, ако кожата на брадавиците се суши**
- **Лекувањето што ќе го спроведе лекар може да вклучува и употреба на кортизонски кремови и на специфични препарати против габата кандида**
- **Кога воспалението или беловината ќе се смири, продолжете редовно да користите средства за влажнење на кожата и избегнувајте да користите сапун**

## Што е тоа?

Беловината или кандидата е честа инфекција на кожата што ја предизвикува габата кандида албиканс. Меѓутоа, таа ретко, па речиси и никогаш не ја напаѓа нормалната кожа. Таа инфекција обично настанува ако кожата веќе е ненормална на некој начин. Често се јавува на места каде што кожата е постојано влажна или топла, на пример во наборите на кожата. Може да се јави и на места на кои веќе има воспаление на кожата или дерматитис.

Главниот проблем кај доилките е тоа што со мокрењето и сушењето и со постојаната влага и топлина од бебето што цица, кожата на брадавиците е склона кон исушување. Тоа доведува до воспаление при што кожата на брадавиците распукува и станува болна. Во такви околности, беловината може да го инфицира воспаленото место, а таа личи на мали бели дамки. Исто така може да се јави и извесна болка во дојката.

Има поголема веројатност да настане инфекција со кандида ако биле земани антибиотици поради некоја друга инфекција. Исто така може да настане како резултат од инфекција со беловина (кандида) во устата на бебето.

## Како се спречува?

Најважна мерка за спречување на беловината на брадавицата е да се

избегнува воспалението на кожата кое настанува поради сушење и пукање на кожата на брадавицата. Треба да се избегнува употребата на сапун при миењето на кожата. Ако кожата на брадавиците се суши, треба редовно да се нанесуваат средства за навлажнување, како што се емулзиските масти и други масти и кремови на база на парафин, или на некои од поновите производи што содржат ланолин.

Обидете се често да ги менувате влошките за дојки и избегнувајте ги влошките што се обложени со најлон. Проветрувањето на брадавиците може да помогне да се избегне пукањето на кожата.

## Како се лекува?

Воспалението на кожата - воспалена, распукана или надразнета кожа на брадавиците на дојките може да се лекува со кортизонски крем што ќе го препише лекар. Тој ќе се користи заедно со специфични кремови против габата кандида за да се лекува беловината. Брадавицата може да се мие со мали количини крем на база на вода или со sorbolene крем пред доењето. Ако состојбата многу се влоши, можеби ќе треба бебето да престане да цица од заболената дојка неколку дена. Во тоа време млекото треба да се молзе рачно или со пумпичка, а потоа може да му се дава на бебето со шишенце или на друг соодветен начин.

Ако беловината се јавила по користењето на антибиотици што се земаат преку уста, можеби ќе треба да се изврши лекување и со препарати против кандида што се земаат преку уста. Ако и во устата на бебето има беловина (кандида), таа исто така треба да се лекува.

Откако воспалението и беловината ќе се смират, неопходно е редовно да се нанесуваат средства за влажнење на кожата на брадавицата за да не се повтори болеста. Исто така треба да се избегнува и употребата на сапун.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Советник за доење.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

***Други информативни листови во врска со ова:*** *Беловина (кандида) кај бебињата*

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent's Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.